ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ — СКОПЈЕ
FACULTÉ DE PHILOSOPHIE DE L'UNIVERSITÉ DE SKOPJE

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

## ANNUAIRE

КНИГА 23 TOME

СКОПЈЕ — SKOPJE
1971

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ — СКОПЈЕ
FACULTÉ DE PHILOSOPHIE DE L'UNIVERSITÉ DE SKOPJE

1188 6. III. 72

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

## ANNUAIRE

КНИГА 23 ТОМЕ

СКОПЈЕ — SKOPJE
1971

Уредува Редакциски одбор

Céré par un Comité de rédaction:

Љубен Лапе
Христо Андонов-Полјански
Александар Спасов
Борис Марков
Оливера Јашар-Настева

Адреса: Филозофски факултет, поштенски фах 55, Скопје
Adresse: Faculté de Philosophie, boite postale 55, Skopje, Yougoslavie,

ГОДИШЕН ЗБОРНИК

на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје

Книга 23 (1971)

Тираж 900 примероци

Печатено во Универзитетската печатница во Скопје

Излезе од печат во месец јануари 1972

# МИХАИЛ Д. ПЕТРУШЕВСКИ

— По повод на неговата шеесетгодишнина —

Професор Михаил Д. Петрушевски е роден на 2 јули 1911. г. во Битола, каде што завршил основно училиште и гимназија (матурирал во јуни 1930. г.). Уште во гимназијата пројавил склоност и дарба кон учење јазици. Студирал класична филологија на Белградскиот философски факултет од март 1931. до март 1935. г. Од студентските години му потекнува и една вредна научна работа. Во еден од неговите семинарски трудови, чии резултати ги објавува подоцна (бр. 2 и бел. 5 од бр. 24), тој успева да направи успешна емендација во текстот на *Ps. Alex. probl.* и да реши еден филолошки проблем. По дипломирањето продолжил да работи како коректор на сп. *Revue internationale des études balkaniques* до крајот на учебната 1934/35. г.

Во 1936. г. бил назначен за наставник — суплент по латински јазик во битолската гимназија. Во ова време се јавуваат и првите негови објавени трудови. Во февруари 1939. г. стапил на должност асистент на Семинарот за класична филологија при Философскиот факултет во Белград. Пролетта 1940. г. ја одбранил својата докторска дисертација *Божанства и демони црне боје код старих народа.*

Во почетокот на 1941. г. бил избран за доцент на Философскиот факултет во Скопје, но војната го спречила неговото назначување. За време на окупацијата останал во Белград на истата асистентска должност. При тоа активно го помагал НОП.

Во м. март 1946. г. бил назначен од Министерството за просвета на НРМ за член на Комисијата за организирање на Универзитетот во Скопје. Во м. ноември истата година бил избран за вонреден професор, а подоцна и за прв декан на новооснованиот Философски факултет, на која должност останал три години (од 1946—1949), а во учебната 1949/50. г. бил продекан. Со своето залагање тој многу придонел за организирањето и развитокот на Философскиот факултет во првите години по ослободувањето.

Посебни грижи посветува за организирање на Семинарот за класична филологија и библиотеката на Семинарот за историја на стариот век и класична археологија. Во 1950. г. го организира издавањето на сојузното списание по класична филологија, историја на стариот век и класична археологија *Жива Антика,* кое го редактира како одговорен

уредник од самиот почеток до 1960. г. и од 1966. до денес. Благодарение на неговото залагање ова списание, кое од 1957. г. може со право да се смета и за интернационално, доби висок углед во земјата и странство.

До 1956. г. беше единствен наставник на групата за класична филологија и ги предаваше двата јазика (грчки и латински) со историските граматики и литературите. Во 1956. г. е избран за редовен професор и ректор на Скопскиот универзитет за мандатниот период од 1956.—1958. г.

И покрај големата ангажираност со организаторска, административна и наставна работа, тој решавал и тешки филолошки проблеми и објавувал свои научни трудови. Обично се зафаќа со најкрупни и најзаплетени проблеми од областа на класичната филологија и при нивното решавање покажува ретка инвентивност и оригиналност. Веднаш по одбраната на докторската дисертација тој се зафаќа со дефиницијата на трагедијата во Аристотеловото дело за *Поетиката* и со проблемот за т. н. трагична катарса, кој беше прогласен во триесеттите години од германскиот класичен филолог А. Гудеман за нерешлив. Со подробна анализа на текстот од целата *Поетика*, а особено од гл. VI—XIV, Петрушевски покажа дека т.н. трагична катарса е всушност една фикција, настаната поради погрешното дополнување на оштетеното место од дефиницијата. Тој откри дека дефиницијата на трагедијата завршувала со зборовите *pragmatōn systasin*, а не *pathematōn katharsin*. До ово решение тој има дојдено уште во 1942. г., а го објавил во 1948. г. Са него тој ги направи беспредметни многубројните теории за т.н. трагична катарса. Подоцна, откако ги спореди најстарите ракописи од ова драгоцено, но доста оштетено дело (во 1959. г.), тој направи и други преку дваесет емендации кои се веќе посретнати со одобрување од мнозина класични филолози.

Вредни емендации тој направи и во текстот на други класични автори: Аристофан, Хесихиј, Хомер, Полукс и др. Особено интересни и оригинални се неговите студии за Хомеровите *hapax legomena*.

Најголем интерес има пројавено кон проблеми од областа на лингвистиката, историската граматика на класичните јазици. Најчесто се занимава со етимологии на нејасни грчки и латински зборови, над кои и мнозина други се мачеле да ги разјаснат. Најмногу трудови има посветено на грчкиот јазик чиј развој го следи од микенската епоха до денес, т.е. низ еден период од околу 3.500 години.

Посебно треба да се истакнат неговите микенолошки прилози. Од 123 објавени труда, 54 се од оваа област. Во голем број од нив тој третира и методолошки прашања, многу важни за правилната интерпретација на микенските натписи. Името на Петрушевски многу често се цитира во микенолошката литература во врска со неговите оригинални решенија за идентификацијата на одделни микенски зборови и слогови знаци, или фонетски и морфолошки црти на микенскиот грчки. Многу од неговите решенија и сугестии се наполно прифатени.

Проф. Петрушевски даде значајни прилози и за историјата на македонскиот јазик, особено за охридскиот дијалект. Уште поголема

вредност за македоскиот јазик и македонската култура воопшто претставуваат неговите преводи и препеви на Хомер, Мусај, Ајсхил и Гр. Прличев во оригинален стих: хексаметар (Хомер, Мусај), јампски триметар (Ајсхил) и *stichos politikos* (Гр. Прличев). Со своите препеви, за кои немал претходници, тој го обогати македонскиот верс и со класични метри. Со студиите над јазикот и стихот на Гр. Прличев тој знатно ги прошири познанијата и за овој наш поет.

Познат и високо ценет како ерудит и научник не само во Југославија, ами и во странство, тој често бил канет на научни и стручни собири. Учествувал со реферати и дискусии на бројни меѓународни конгреси, конференции, колоквиуми и симпозиуми од областа на класичната филологија и сродните дисциплини. Има објавено студии во најугледни европски класични списанија на разни јазици (француски, германски, латински, англиски, грчки). Надвор од Скопје држел предавања во Задар, Љубљана (на двапати), Москва, Ленинград и Рим.

Во 1967. г. е избран за редовен член на Македонската академија на науките и уметностите.

За неговата разнострана активност, со која многу ја задолжил нашата заедница, а посебно за неговата научна работа, со која ги унапредува класичните студии, добил високи признанија. Одликуван е со орден на трудот од II ред, Орден на трудот од I ред, Орден братство и единство со златен венец, Орден заслуги за народ со златна ѕвезда, Спомен-плакета на град Скопје за особени заслуги на градот. Оваа година му е доделена и наградата „11 октомври" за животно дело.

Изразувајќи му почит како кон научник, педагог и прв декан на овој Факултет, наставничкиот колегиум по случај шеесетгодишнината на проф. Михаил Д. Петрушевски му го посветува овој број од Годишниот зборник со желба да продолжи уште многу години неговата научна, педагошка и општествена дејност.

*П. Хр. Илиевски.*